РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

# ГОДИШЕН АНТИКОРУПЦИСКИ ПЛАН

Скопје

јули 2021 година

Врз основа на Извадокот од Нацрт-записникот од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, точка 96, од 11 мај 2021 година, директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе

## ГОДИШЕН АНТИКОРУПЦИСКИ ПЛАН

### Вовед

Како негативна општествена појава, корупцијата претставува сериозна пречка за политичките, економските, социјалните и безбедносни прилики во една земја. Во потесен контекст, корупцијата може да предизвика несогледливи последици врз владеењето на правото, инвестициската клима, почитувањето на социјалните права и слободите, довербата на граѓаните во државните и јавни институции, стабилноста на демократскиот поредок, мотивацијата на вработените итн.

Со заложбите на Владата на Република Северна Македонија за ставање крај на коруптивните практитки во сите сегменти на општеството и со усвојувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, Република Северна Македонија прави големи напори за минимизирање и/или ликвидација на штетните последици од истата. Во таквите напори за сузбивање на оваа појава, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ), како дел од државно-безбедносниот сектор, а во рамките на својот делокруг на работни надлежности, активно се вклучува во борбата со корупцијата. Водена од принципите на законитост, интегритет, еднаквост, јавност и заштита и одговорност, а со цел почитување на владеење на правото при своето работење, ДБКИ е насочена кон преземање низа мерки, вклучително и изготвување на овој годишен антикорупциски план.

Основната цел на годишниот антикорупциски план е градење на институционален систем и интегритет за борба против корупцијата како и создавање механизми, стандарди и процедури коишто ќе допринесат кон одржливост и натамошно развивање на таквиот систем којшто ќе се заснова на законито, независно, непристрасно, етичко и транспарантно вршење на активностите од доменот на заштитата на национални и странски класифицирани информации. Гледано од дедуктивен аспект, со целосна реализација на годишниот план, предвидено е да се подигне на повисоко ниво довербата особено на корисниците на класифицирани информации во воспоставениот ситем за безбедност на класифицирани информации, да се оптимизира искористувањето на

државните ресурси при извршувањето на работните задачи, перманентно да се неутрализира можното политичко и партиско влијание, дополнително да се зајакне интегритетот на институцијата во рамките на безбедносниот/државниот сектор, да се унапреди контролната и надзорна функција на институцијата во спроведувањето на безбедносните политики за заштита на класифирани информации, дополнително да се унапреди дигитализацијата при процесуирањето на (не)класифицираните информации, да се засили транспарентноста во областа на човечките ресурси, јавните набавки и јавните финасии како и прогресивно да се зголеми резилиентноста на институцијата за коруптивни дејства.

Во согласност со позитивната законска регулатива за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се определуваат следните поими:

## *Листа на поими*

Под поимот **„корупција",** се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Поимот корупција, во смисла на законот, ги опфаќа и поимите на:

- **Пасивна корупција** – намерно делување на службено лице , кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и
- **Активна корупција** – намерно делување на кое било лице кое дирекно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Под поимот **„судир на интереси"** се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

Во случај на сомневање за постоење на судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.

Под поимот „**ризик од корупција**" согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси (понатамошниот текст: ЗСКСИ), се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, или други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем на заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и друг прашања од занчење за интегритетот.

Под поимот „**интегритет**" се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работаата на јавните институции.

Под поимот „**јавен интерес**" се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштитата на животната средина и на природата, заштитата на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

Под поимот „**јавно овластување**" се подразбира овластување пренесено од страна на државната или локалната власт, на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес.

Под поимот „**службена должност**" се подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од вршењето на одредена фунција или професија, односно од службената положба на тоа лице.

Под поимот „**административни работи**" се подразбира стручно административни, нормативно-правни, статистички, плански, информатички, кадровски, материјални, финансиски, сметководствени, информативни и други работи од административна природа.

Под поимот „**службено лице**" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработени во јавниот сектор.

Под поимот „**кронизам**" се подразбира именување на истакнати позиции на блиски пријатели, другари или познаници на функционерите, без оглед на тоа дали тие се квалификувани за тие работи позиции. Значи поставувањето на несоодветен кадар. Станува збор за фаворизирање на свои пријатели. При кронизмот лице кое има авторитет ја злоупотребува својата моќ и промовира пријател за таа позиција и покрај тоа што не е квалификуван за тааа позиција.

Под поимот „**непотизам**" се подразбира фаворизирање роднини и пријатели при доделување на функции и почести без притоа да се води сметка за стручноста. Непотизмот подразбира и злоупотреба на службената или на политичката и друга моќ за доведување роднини на привлечни и влијатени функции. Согласно ЗСКСИ предвидена е забрана на влијание за вработување на блиски роднини. Имено, службеното лице не смее да врши влијание за вработување или унапредување на блиско лице во органот во кој е избрано или именувано или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, врз кое врши надзор органот во кој лицето е избрано, односно именувано. Избрано или именувано лице или одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да ја извести Државната комисија за секој избор, именување или вработување, унапредување на член на неговото семејство во државен орган, органа на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од десет дена од денот на извршениот избор, именување, унапредување или вработување.

Под поимот „**дискрециони овластувања**" се подразбира постоење на овластувања и донесување на одлуки во оние случаи кога во прописите одредено прашање за кое треба да се одлучува не е уредено или кога во прописите е содржан збор кој му остава простор на функционерот или службеникот да избере дали ќе донесе одреден акт или не, или избор на одредена алтернатива. Согласно од ЗСКСИ предвидено е дека во вршењето дискрециони овластувања секое службено лице е должно одлуките да ги донесува совесно, водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и справедливост.

Под поимот „**деполитизација**" се подразбира политички непристрасно вршење на работите и работните задачи, без влијание на своите политички уверувања и лични финансиски интереси од страна на вработените во јавниот сектор.

## ЗАКОНСКА РАМКА

Со воспоставувањето на законската и институционалната рамка за заштита на класифицираните информации во Република Северна Македонија, се зајакна

постојниот систем за заштита на информациите од интерес за државата и се воспостави цврста основа за кредибилна соработка со меѓународните организации и странски држави во однос на прашања од чувствителен карактер поврзани со безбедноста. Регулативата за заштита на класифицираните информации е донесена со цел да се воспостави позитивна практика за заштита на националните безбедносни интереси, да се спречи нанесување штета на политиката на национална безбедност и на интересите на државата, јасно да се дефинира поделбата на надлежностите и одговорностите, да се исклучи можната злоупотреба во извршувањето на работните задачи и должности, да се овозможи ефикасна контрола и систем за санкционирање, како и за да се осигура добивање на потребниот кредибилитет во работата и во работењето. Оттука, целосното почитување и спроведувањето на одредбите од Законот за класифицирани информации(*) е круцијален фактор за сузбивање на корупцијата како внатре во институцијата, така и во органите коишто тесно соработуваат со ДБКИ на основа на горенаведениот закон.

Во насока на борба против корупцијата, важечка е националната позитивна регулатива која ги опфаќа следните законски и подзаконски акти:

- Закон за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019),
- Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен
- весник на Република Македонија" бр. 12/2019 година),
- Закон за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/2020),
- Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/2020),
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015),
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019),
- Закон за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019),
- Закон за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија" бр. 196/2015),
- Уредба за физичка безбедност на класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија", бр. 82/2004),
- Уредба за административна безбедност на класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија", бр. 82/2004),
- Уредба за безбедност на лица корисници на класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија", бр. 82/2004),
- Уредба за индустриска безбедност на класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија", бр. 16/2005),

- Уредба за информатичка безбедност на класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“, бр. 16/2005),
- Правилник за содржината, формата и начинот на водење на евиденцијата за издадените безбедносни сертификати и за пополнетите безбедносни прашалници и на посебната евиденција за издадените дозволи за пристап до класифицирани информации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 150/2020),
- Правилник за начинот на полагање на стручниот испит за инспекторите за безбедност на класифицирани информации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 219/2020),
- Правилник за службената легитимација и значка на инспекторот за безбедност на класифицирани информации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 240/2020),
- Правилник за начинот на вршење инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 246/2020),
- Правилник за образецот на службената легитимација на вработените во Дирекцијата за безбедност на класифицирана информации и за начинот нејзиното издавање („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 53/2021).

Од аспект на планови и програми кои се од суштинско значење за функционирање на ДБКИ, и следствено на тоа за борба против корупцијата, се следните:

- Стратешки план на ДБКИ 2020-2022,
- Националната стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси 2021-2025,
- Кодекс за етичко однесување на членовите на Владата на Република Северна Македонија и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата на Република Северна Македонија,
- Кодекс за административни службеници,
- Годишен и табеларен план на ДБКИ за 2021 година,
- Методологија за изработка на процена на ризик за информатичка безбедност,
- Методологија за процена на ризик за безбедноста на класифицираните информации при планирање инспекциски надзор,
- Процедура за спроведување на јавните набавки во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации,
- Упатство за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и другите податоци на укажувачите,
- Водич за одредување на степенот на класификација на информациите,
- Упатство за работа со странски класифицирани информации.

## 1. АНАЛИЗА НА РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ ЗА КОРУПЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДИРЕКЦИЈАТА

Ризичните области за корупција во рамките на делокругот на работење на Дирекцијата произлегуваат од специфичностите на надлежностите на Дирекцијата, регулирани со Законот за класифицирани информации(*) (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), а во согласност со важечката регулатива на НАТО и на ЕУ во доменот на заштитата на класифицираните информации којашто Република Северна Македонија е должна да ја почитува и применува како полноправна членка на НАТО и земја аспирант за членство во Европската унија.

Имено, во својство на надлежен орган за заштитата на класифицираните информации и примената на меѓународните стандарди, за реализирање на размената на класифицирани информации согласно со ратификуваните меѓународни договори, за вршење инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите од Законот за класифицирани информации(*) и другите прописи од областа на класифицираните информации, како и за вршење на други работи утврдени со Законот, Дирекцијата врши надзор над законитоста во ракувањето со класифицирани информации и укажува на одредени неправилности при создавањето или ракувањето со класифицирани информации.

За постигнување на горенаведените цели, Дирекцијата редовно ги следи измените во безбедносните политики и директивите на НАТО и на ЕУ во делот на безбедноста на класифицираните информации и истите редовно ги имплементира во своето работење. Со станувањето членка на НАТО, Дирекцијата зема активно учество на состаноците на Комитетот за безбедност на НАТО.

Со определбата на Дирекцијата за стратешко развивање на своите технички и човечки капацитети, а во правец на унапредување на целокупниот систем за безбедност на класифицирани информации во Република Северна Македонија, Дирекцијата е фокусирана на континуирана анализа на НАТО и на ЕУ прописите од сите аспекти на безбедност на класифицираните информации и нивна имплементација, не само во Дирекцијата туку и во рамките на целокупниот регистарски систем воспоставен во клучни министерства и органи на државната управа, како и кај други приватни ентитети-создавачи или корисници на класифицирани информации.

Со развојот на комуникациите, информатичката технологија и сè поголемата размена на информации во национални и во меѓународни рамки, Дирекцијата се фокусира исто така и на следење на современите трендови на развој и постепено усогласување на своите клучни домени на работа со темпото на развој на современите текови. Оттука, Дирекцијата е концентрирана на развој на соодветни политики и практични алатки за унапредување на системот за издавање

безбедносни сертификати, за правилно одредување на степенот на класификација, за процена и управување на ризик на безбедноста, за зајакнување на сајбер безбедноста и подигнување на нивото на безбедносна свест кај корисниците на класифицираните информации. Во таа насока оди и изработката на овој стратешки план којшто ги инкорпорира постојните, но и други пропратни политики за развој на безбедноста на класифицираните информации.

Со цел реализација на надлежностите на Дирекцијата, но и на утврдените развојни политики, Дирекцијата остварува непосредна соработка со бројни институции од државниот и приватниот сектор со особен акцент на соработка со институциите што припаѓаат на безбедносниот сектор на Република Северна Македонија. Исто така, заради имплементирање на НАТО и на ЕУ политиките, Дирекцијата е во редовна комуникација со канцелариите за безбедност на НАТО и на ЕУ, а во доменот на развивање проекти од заемен интерес од областа на безбедноста, Дирекцијата остварува успешна соработка и со други меѓународни и невладини организации коишто имаат свои канцеларии во Скопје.

Како резултат на наведените специфики во работата на Дирекцијата, *а особено од безбедносните аспекти*, можат да се издвојат следните ризични точки за појава на корупција:

- ризик од оддавање класифицирани информации и злоупотреба на службената должност;
- ризик од несоодветно ракување и чување на класифицираните информации со цел стекнување одредена корист;
- можност за коруптивно однесување во процесот на издавање безбедносни сертификати на физички и правни лица за пристап до класифицирани информации;
- можност за коруптивно однесување при вршењето на инспекцискиот надзор над спроведувањето на важечките прописи за заштита на класифицираните информации;
- можност за коруптивно однесување при издавањето одобренија за акредитација на комуникациско-информациски системи.

Од аспект на меѓуинституционалната и меѓународна соработка, идентификувани се следните ризици за појава на корупција:

- можност за коруптивно однесување при склучувањето билатерални договори за размена и заемна заштита на класифицирани информации со странски држави, а во насока на работење во интерес на странска држава;
- непрофесионално и неетичко однесување на вработените во Дирекцијата при реализација на предвидените активности во рамките на соработката со физички и правни лица на национално и на меѓународно ниво;

- непочитување на важечката регулатива и интерни акти, како и на важечките НАТО и ЕУ прописи при извршувањето на работните задачи, внатре во институцијата како и од корисниците на класифицирани информации во другите институции.

Согласно Националната стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси 2021-2025, ризични точки за појава на корупција се воочуваат во делот на јавните набавки и на вработувањето, како области (процеси) коишто хоризонтално се протегаат низ целиот општествен истем и како такви ја опфаќаат и Дирекцијата.

Имено, се воочува:

- ризик од неправилно постапување или непостапување по одредена делегирана работна задача со што се добива за возврат некаква корист за себе или за некој друг, а што неминовно води кон ерозија на интегритетот и угледот на институцијата, а пред сè, на функционалноста на истата;
- можност за појава на корупитивни дејствија при јавните набавки на стоки и услуги и набавка на специфична опрема;
- недоволна транспарентност при реализацијата на буџетот на Дирекцијата;
- недоволна транспарентност за потребата за објавување информации од јавен карактер;
- ризик од судир на интереси при соработката со други организации и институции особено во делот на изготвување проекти;
- можност за партиско влијание, непотизам, клиентизам и кронизам при вработувањето, регрутацијата, селекцијата, распределувањето на работните позиции, унапредувањето и упатувањето во дипломатска мисија во странство;
- можност за дерогирање на мериторноста што директно негативно влијае на перформансата на вработените, нивната мотивација за работа и на создавање интерперсонални конфликти на работното место;
- ризик од непостоење или несоодветно распределување на обуките како и отсуство на претходно утврден кариерен пат на вработените.

## 2. ПРИЧИНИ, УСЛОВИ И ФАКТОРИ КОИ ЈА ОВОЗМОЖУВААТ КОРУПЦИЈАТА

Согласно горенаведената анализа на ризични области за појава на корупција, детектирани се следните причини, услови и фактори кои би можеле да ја овозможат корупцијата:

- недостигот на мерки за долготрајно и рецидивно отстранување на корупцијата;

- недоследности, недоречености и празнини во законската регулатива за заштита на класифицирани информации;
- отсуството на методологија/пишани процедури за проценка на ризикот за појава на корупција;
- недостатокот на униформен систем за работење, напредување, наградување и санкционирање;
- недоволна транспарентност за документите кои се од јавен карактер;
- недостатокот на контролни механизми за вработените и процесите на работа.

## 3. АЛАТКИ И КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ДЕТЕКТИРАНИТЕ РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ

Земајќи го предвид горенаведеното, овој антикорупциски план има за цел да понуди алатки и контролни механизми со коишто ќе се надминат предизвиците поврзани со корупција и ќе се превенираат или минимизираат причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата. За таа цел, ДБКИ ќе настојува да ги ги примени следните алатки и контролни механизми:

- спроведување на надлежностите на ДБКИ на најтранспарентен, најетички, најодговорен, ефективен и ефикасен начин;
- подигнување на волјата кај сите вработени без исклучоци за борба против корупцијата и охрабрување за пријавување на какво било коруптивно однесување;
- јакнење на интерперсоналната доверба преку тим билдинг активности како и интеринституционалната доверба преку редовна соработка на заеднички активности со други институции;
- засилување на интегритетот на вработените преку редовни обуки за градење интегритет;
- понатамошно развивање на инструменти за одржување и градење на безбедносна свест како кај вработените така и кај корисниците на класифицирани информации со што би се спречило какво било незаконито ракување со класифицирани информации;
- засилено советување особено со инспекцискиот тим заради намалување на ризикот од надворешен притисок при вршењето инспекциски надзор како сегмент кој може да биде цел на коруптивно однесување;
- засилена дигитализација (електронски запис) на сите системи и процеси на работа во институцијата со што би се минимализирала можноста за

корупција во процесите на издавање безбедносни серификати или акредитацијата на комуникациско-информациски системи;

- строга имплементација на принципот „two-man control“;
- реализација на јавните овластувања согласно закон;
- почитување на законските прописи, на Етичкиот кодекс за функционери како и на Кодексот за административни службеници;
- деполитизирано донесување на одлуки врзани за функционирањето на институцијата и остварувањето на правата и обврските на вработените;
- избегнување на злоупотреба на дискреционите овластувања на раководниот кадар при донесување одлуки;
- точно и прецизно извршување на Планот за јавни набавки согласно прописите за јавни набавки;
- одржување на тековното ниво на транспарентност за објавување информации кои се од некласифициран карактер, т.е информации од јавен карактер;
- засилување на улогата на лицето за внатрешно пријавување коешто независно би ги пријавувало сите коруптивни, неетички и дискриминаторски однесувања и практики;
- изготвување на пишани интерни процедури за прием на пријави од укажувачи и нивно процесирање согласно законските прописи за борба против корупцијата;
- исклучива транспарентност при вработувањата и процесите на регрутација и селекција, со примена на законските инструменти за вработувања што ќе го фаворизираат највалификуваниот кадар пред сите други коруптивни облици на вработувања што промовираат медиокритет наместо квалитет;
- зголемување на транспарентноста преку продолжување на редовното објавување на трошењето на јавните финансии алоцирани за ДБКИ како и продолжување со праксата на внатрешна ревизија и попис на финансиите и ресурсите и целосна примена на финансиско управување и контрола;
- воведување мериторен систем на напредување и наградување на вработените во институцијата, којшто ќе се заснова на стручност, знаење, компетентност, објективност и етичност;
- засилување на Одделението за управување со човечки ресурси како независна организациона и стручна единица за креирање HR стратегии за планирање, за мерење на перформанса, за мотивација, за обука на вработените, за кариерен раст, за евалуација и мониторинг на HR воспоставените политики, како и на ефективноста на воспоставените антикоруптивни мерки.

## 4. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ СО ОСОБЕН АКЦЕНТ НА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Јакнењето на капацитетите на институциите е силен предиктор за сузбивање на корупцијата. Следејќи ја оваа премиса, ДБКИ е фокусирана кон преземање мерки коишто ќе допринесат кон јакнење на нејзините капацитети воопшто, а особено капацитетите и интегритетот на своите вработените, но и на офицерите за безбедност на класифицирани информации со кои ДБКИ тесно соработува:

- континуирано учење во делокругот на своите работни активности како и во областа на антикорупцијата за да можат полесно да одговорат на својата но и на предизвиците од оваа проблематика;
- постојано интерно советување за потребата од непристрасно, етичко, одговорно и ефикасно работење;
- продолжување на праксата на брифирање на офицерите за безбедност на класифицирани информации и корисниците на класифицирани информации за потребата од етичко, антикоруптивно однесување при извршувањето на обврските за заштита на класифицираните информации.

## 5. ПОСТАПУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИТЕ УСЛУГИ КОН ПРАВНИТЕ И ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА

Како единствен национален орган задолжен за спроведувањето на политиките за безбедност на странските и националните класифицирани информации, ДБКИ е во тесна соработка со физички и правни лица кои ракуваат или имаат за цел да ракуваат со класифицирани информации. Оттука, ДБКИ е насочена кон низа активности за ефикасно, продуктивно и ефективно извршување на административните рааботи:

- целосно почитување на процедурите за работа во ДБКИ;
- навремено експедирање на класифициран и некласифициран материјал до крајните корисници;
- навремено процесирање на барањата за издавање безбедносни сертификати;
- навремено доставување на безбедносните сертификати и брифирање на носителите на безбедносни сертификати;
- навремена и квалитетна акредитација на опрема за комуникациско-информациска безбедност и соодветно издавање одобренија за таа цел;
- редовно одржување на обуки за безбедност на класифицирани информации на корисниците на класифицирани информации согласно потребите на институциите/компаниите;

- континуирана комуникација со државни органи и странски национални безбедносни авторитети заради зајакнување на соработката и повисока видливост на ДБКИ и на нејзините активности во национални, регионални и меѓународни рамки.

## 6. УСОГЛАСЕНОСТ СО ПОСТОЈНИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ, РЕГУЛАТИВИ И КОДЕКСИ

Во рамките на своите надлежности, ДБКИ е посветена на тоа во сите подзаконски акти и процедури и насоки на работа да ги инкорпорира одредбите и позитивната пракса за борба против корупцијата. Таквата заложба се состои од следните активности:

- континуирано следење на нормативната рамка за спречување корупција и судир на интереси како и иницијативите и проектите во национални рамки коишто се однесуваат на заложбите на релевантните институции за сузбивање на корупцијата и имплементирање на истите во работната средина на ДБКИ;
- активно учество на ДБКИ во иницијативи за борба против корупцијата и адаптирање на истите на безбедноста на класифицирани информации;
- редовен брифинг на вработените за одговорностите коишто произлегуваат од Кодексот за административни службеници.

## 7. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА КОН ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФРМАЦИИ

Во насока на јакнење на довербата во ДБКИ и мотивирање на вработените за пријавување корупција, ДБКИ ќе преземе низа активности кои ќе допринесат во таа насока:

- зголемена едукација и јакнење на позицијата на службеното лице за заштита на внатрешни, надворешни и јавни укажувачи, преку имплементација на одредбите од Законот за заштита на укажувачи и континуирани обуки за службеното лице за прием на пријави од укажувачи и понатамошно постапување со истите;
- сензибилизирање на вработените за ризиците од корупција внатре и надвор од институцијата и охрабрување за постапување согласно законските одредби;

- дигитализирање на дел од надлежностите каде што се скратува времетраењето на работните процедури, а притоа се добива поголема отчетност и минимизирање на потенцијалните ризици за корупција;
- усовршување и модернизирање на веб страницата на ДБКИ, подигање на повисоко ниво на отчетноста и транспарентноста преку објавување на релевантни информации за надлежностите, за делокругот на работа, за тековните активности и за новитетите кои се однесуваат на политиките за безбедност на класифицирани информации.

## 8. КОНТРОЛА И НАДЗОР НА ЈАВНИ НАБАВКИ

Во сферата на јавните набавки, која што е идентификувана како една од областите со голем ризик од корупција, ДБКИ е насочена кон преземање соодветни мерки за детекција, превенција и сузбивање на последиците од коруптивните дејства. За да се заштити институционалниот и државен интерес, за да се добие најдобра вредност за јавните трошоци, да се обезбеди правична конкуренција на понудувачите, ДБКИ ќе го преземе следното:

- законска имплементација на сите одредби сврзани со постапките за јавни набавки при реализацијата на различни договори, како и целисходна примена на Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки;
- континуирана надградба на прописите со цел да се обезбеди правилна и ажурирана примена на нормативната рамка за јавни набавки;
- навремена и ефикасна реализација на договорите и следствено на тоа обврските и правата на ДБКИ коишто произлегуваат од таквите договори;
- воспоставување на внатрешен систем за надзор и контрола на процедурите за јавни набавки и повеќеслоен (вертикален и хоризонтален) мониторинг на целокупната документација и фазите на јавни набавки, вклучително и анализа на претходните набавки со опсежен извешај за причините за евентуална нереализација;
- продолжување со транспарентниот начин на јавно објавување на јавните набавки на ДБКИ преку редовно ажурирање на веб страната;
- пружање континуирана обука и надградба на знаењата на вработените коишто се квалификувани и остручени за спроведување на јавни набавки во ДБКИ, со цел постигнување уште повисока стручност и компетентност;
- почитување на основните начела содржани во Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки.

## 9. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Како главен стожер на надворешната димензија на ДБКИ, меѓуинституционалната соработка претставува поле во коешто ДБКИ може значително да допринесе за минимизирање или елиминирање на појавата на коруптивни дејства во државно - безбедносниот сектор. Со својата ориентираност кон континуирана плодна соработка и развивање партнерски односи со други државни институции и приватни ентитети, ДБКИ се залага за учество во сите иницијативи за борба против корупцијата преку примена на следните активности:

- контиуирано учество во работни групи, комитети, комисии и други различни облици на соработка за градење на интегритет и антикоруптивни активности во рамките на државниот апарат, вклучително и активна соработка со безбедносните служби во таа насока,
- поттикнување на дух помеѓу сопствениот кадар за генерирање идеи за градење на сопствени капацитети за борба против корупција во доменот на заштитата на класифицирани информации;
- следење и приклучување кон државните политики за интероперабилност – електронска размена на информации и податоци;
- воспоставување на мониторинг механизам којшто ќе анализира евентуален судир на интереси помеѓу самите вработени во ДБКИ и помеѓу вработените на ДБКИ со надворешните институции и компании.

## 10. АЛАТКИ ЗА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Запазувајќи го начелото на Владата на Република Северна Македонија за транспарентност во работењето, ДБКИ применува серија алатки за отчетност, транспарентност, одговорност, интегритет и етичноста во работењето. Притоа, се издвојуваат следните:

- благовремено и континуирано информирање на корисниците на класифицирани информации и општата јавност за реализираните активности преку веб страницата на ДБКИ, како и преку одржување на трибини, работилници, советувања и брифинзи;
- редовно ажурирање на листата на информации од јавен карактер согласно насоките на Владата на Република Северна Македонија и надлежниот орган за спроведување на одредбите од прописите сврзани со информациите од

јавен карактер, како и благовремено постапување по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер;

- редовно информирање за реализираните активности од аспект на јавни набавки, трошење на финансиите преку соодветните електронски платформи за таа намена.

## СТАПУВАЊЕ НА СИЛА И ОБЈАВУВАЊЕ

Овој годишен антикорупциски план стапува на сила од денот на донесувањето од страна на директорот на ДБКИ по што истиот ќе се објави на веб страната на ДБКИ.

Дел. бр. 01- 702/1

Датум: 20. 07. 2021

Место: Скопје

Стојан Славески
(Име и презиме)

Директор
(функција / звање)

(потпис)

МП